Република Северна Македонија
Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**
**ЗА 2026 ГОДИНА**

Декември 2025 година

# I. ВОВЕД

Управата за извршување на санкциите е орган во состав на Министерството за правда со својство на правно лице. Со непосреден надзор и преку писмени информации кои ги доставуваат казнено-поправните и воспитно-поправните установи во врска со нивното работење, Управата за извршување на санкциите (во натамошниот текст: Управата) ја следи работата на установите за извршување на санкциите и мерката упатување во воспитно-поправен дом, ја следи и проучува примената на прописите за извршување на санкциите и мерката притвор, непосредно презмема мерки или предлага мерки за подобрување на условите во кои се извршуваат санкциите и мерката притвор, дава стручна помош за извршување на санкциите, собира и обработува статистички податоци и врши други работи превидени со овој закон или други прописи. Исто така, Управата е надлежна да го организира, спроведува и врши надзор над извршувањето на пробациските работи.

Организацијата и делокругот на работите што се извршуваат во Управата се определени со Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/19, 220/19, 236/22, 74/24 и 258/25) и со Законот за пробација („Службен весник на Република Македонија" бр.226/2015).

Програмата за работата на Управата за извршување на санкциите за 2025 година (во понатамошниот текст: Програма), е направена согласно надлежноста и организацијата на Управата предвидена со закон.

# II. НАДЛЕЖНОСТИ НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

- **Надзор над работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи**

Стручниот надзор се спроведува со непосреден увид во работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи и опфаќа вршење надзор над:

- Условите и положбата на осудените, притворените лица, децата и лицата на кои им е изречена воспитна мерка Упатување во воспитно-поправен дом,
- Третманот на осудените лица, децата и лицата на кои им е изречена воспитна мерка Упатување во воспитно-поправен дом,
- Обезбедувањето во казнено-поправните и воспитно-поправните установи,
- Безбедноста на осудените лица, притворените лица, децата и лицата на кои им е изречена воспитна мерка Упатување во воспитно-поправен дом,
- Материјално-финансиско работење во казнено-поправните и воспитно-поправните установи,
- Заштита и почитување на човековата личност и достоинство на лицата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи и
- Превенција од тортура, нечовечко и нехумано постапување во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

- **Обука на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи**

Управата ја обезбедува и организира почетна и континуирана обука и усовршување на вработените во Управата, како и на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Исто така, Управата врши проверка на знаењата на припадниците на затворската полиција и доставува предлог до министерот за правда за донесување на Програма за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите на припадниците на затворската полиција.

- **Следење и примена на прописите за извршување на санкциите**

Управата ја следи и проучува примената на прописите за извршување на санкциите и мерката притвор, дава стручна помош за извршување на санкциите, собира и обработува статистички податоци и врши други работи пропишани со Законот за извршување на санкциите и други прописи.

- **Организирање, спроведување и надзор над извршувањето на пробациските работи**

Управата организира, спроведува и врши надзор над извршувањето на пробациските работи и води единствен регистар за лицата спрема кои се извршуваат пробациските работи.

- **Извршување на работи и задачи од областа на:**

-Водење на управна постапка од прв степен и управна постапка од втор степен согласно Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија„ бр. 124/15 и 65/18) и одговори на тужби согласно Законот за управни спорови („Службен весник на Република Македонија„ бр. 96/19) ;

-Спроведување на постапки за јавни набавки согласно Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/19 и 87/21);

-Прашања во врска со работниот однос на вработените во Управата согласно Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Закон за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12,

13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) и колективен договор;

-Постапување по претставки и поплаки согласно Закон за постапување по претставки и поплаки („Службен весник на Република Македонија„ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15);

-Соработка со Државното правобранителство и Народниот правобранител на РСМ согласно Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/07 и 104/15) и Закон за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18) и

-врши други работи предвидени со закон.

- **Финансиско работење**

-Изработка на план, решенија, извештаи, и други акти согласно Законот за систем на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор(,,Службен весник на РСМ “ број 225/24 и Закон за извршување на санкциите;

-Комуникација со Министерството за финансии во врска со одобрување на финансиски планови по сметки и програми на Управата и на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, следење на реализација на финансиските планови по сметки и програми, постапување по барања на казнено – поправните и воспитно-поправните установи, контрола на платите на вработените во КПУ И ВПУ кои се доставуваат до Министерство за финансии,подготовка на податоци за фискална стратегија на РСМ за 2026-2030 година согласно Законот за буџети (,,Сл.весник на РСМ” бр.203/22,76/24 и 272/24,изработка на предлог буџетска пресметка на Управата за извршување на санкциите и на КПУ И ВПУ, кои произлегуваат од Законот за извршување на Буџет за 2026 година (“Службен весник на РСМ” бр. 253/2025 и ) и Законот за Буџети („Службен весник на РСМ“ број 203/22 како и други обврски кои произлегуваат од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „(Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), изработување на фискални импликации при доставување на предлог закон, информации до Влада на РСМ и сл., попис и завршна сметка, благајничко работење,, и сл.

Покрај, законската и подзаконската регулатива, други документи од кои произлегуваат обврски за Управата за извршување на санкциите се:

- Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2021-2025) која е особен значаен документ која нуди решенија за подобрување на сите аспекти од функционирањето на затворскиот систем со посебен фокус на подобрување на раководењето со затворите, воспоставување на добро осмислен и оджлив систем на обуки

на затворскиот персонал, подобрување на здравствената заштита на осудените лица, подобрување на третманот на ранливите категории осудени лица итн;[1]

- Стратегија за развој на пробациската служба (2021-2025);
- Стратегија за обука на вработени во пенитенцијарниот систем во РСМ (2023-2026);
- Програма за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите на затворски персонал;
- Годишен план за обука на затворски персонал за 2026 година;
- Програма за работа на работа на Управата за извршување на санкциите за 2026 година;
- Стратешки план на Управата за извршување на санкциите;
- Акциски план за имплеметација на стратегија на Р.Македонија за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (2023-2027);
- План за спречување на корупција во националниот затворски систем (2022-2026);
- Годишен план за спречување корупција на Управата за извршување на санкциите за 2026 година;
- План за јавни набавки во 2026 година на Управата за извршување на санкциите;
- Процедура за постапување при спроведување на јавните набавки (05-566/2 од 20.04.2022 година)
- Измена и дополнување на Процедура за постапување при спроведување на јавните набавки (05-566/4 од 27.04.2022 година)
- Процедура за постапување при спроведување на набавки под вредносните прагови утврдени во член 40 од Законот за јавни набавки (05-566/3 од 20.04.2022 година)
- Меѓународни документи и извештаи по кои Управата е должна да постапува, а се однесуваат пред се на имплементирање на меѓународни стандарди од областа на извршувањето на санкциите;
- Стандарни оперативни протоколи за постапување на припадниците на затворска полиција и секторот за ресоцијализација;
- Ресертификација на системот за управување со квалитет во согласност со барањето стандардот ИСО 9001:2015
- Програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2026 година
- Стратегија за управување со ризици (2025-2027)
- Стратегија за комуникација и план за комуникација
- Стратегија за комуникација и видливост на пробациската служба.

Со Програмата се опфатени основните функции и организацијата на извршувањето на работата на Управата утврдени со закон.

Приоритети и цели на Управата за извршување на санкциите:

- Унапредување на ефективноста и ефикасноста на пенитенцијарниот систем во РСМ;

[1] Активностите предвидени во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2021–2025) кои не се реализирани во предвидениот период, ќе продолжат да се реализираат и во 2026 година, со цел целосно исполнување на стратешките цели и подобрување на функционирањето на пенитенцијарниот систем.

- Унапредување на законската и подзаконска регулатива од областа на извршувањето на санкциите;
- Подобрување на начинот на постапување на службените лица во извршувањето на своите работни задачи со целосно почитување на човековите права и достоинството на лицата лишени од слобода во КПУ и ВПУ;
- Организирање на почетна и континуирана обука и усовршување на вработените лица во УИС, како и вработени лица во КПУ и ВПУ;
- Ресоцијализација на осудените лица и децата и нивна успешна реинтеграција во општеството;
- Подобрување на условите и намалување на преполнетоста во КПУ и ВПУ;
- Ефикасно и ефективно извршување на пробациските работи и
- Буџетските средства да се користат наменски, рационално, економично и ефикасно согласно важечките прописи.

Работните активности кои ќе се реализираат во Управата во текот на 2026 година се поделени во неколку области и тоа:

- Стручен надзор над работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија;
- Обуки на вработени лица на Управата, затворскиот персонал и пробациските службеници;
- Нормативно-правни, општи и управни работи;
- Развивање и јакнење на капацитетите на пробациската служба;
- Финансиско работење и надзор над материјално-финансиско работење во казнено-поправните и воспитно-поправните установи
- Водење на постапки за јавни набавки;
- Управување со човечки ресурси;
- Соработка со државни органи, научни и други установи и здруженија и други правни лица заради подобрување на условите за извршување на санкциите и помош по отпуштањето на осудените лица и
- Реализација на Проекти.

## III. ОБЛАСТИ ВО КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОГРАМАТА

### ➢ СТРУЧЕН НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Редовен стручен надзор се спроведува со непосреден увид во работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи;

**Рок:** Согласно Годишен Планот за вршење на стручен надзор за 2026 година

2. Контролен стручен надзор се врши по истекувањето на рокот во дадената наредба во кој установата била задолжена да постапи по забелешките од редовниот надзор;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

3. Вонреден стручен надзор врз работата на установите се врши по добиени сознанија за нестручно и несовесно работење на установите преку претставки на осудени лица, вработени лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, по иницијатива на надлежни орани и други институции;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

4. Изработка на записници од извршените надзори со укажувања и насоки за постапување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи;

**Рок:** Континуирано, во текот на календенската година, за секој извршен надзор

5. Давање стручна помош за извршување на санкциите на казнено-поправните установи и другите органи и институции вклучени во процесот на извршување на санкциите;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

6. Давање согласности за работно ангажирање на осудени лица надвор од казнено-поправната установа;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

7. Постапување по меѓународни и домашни извештаи;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

8. Давање стручна помош и стручен надзор на материјално-финансиско работење на казнено-поправните и воспитно-поправните установи;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

9. Постапување по претставки и поплаки кои се поднесуваат до Управата;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

10. Постапување по предмети за екстрадиција на осудените лица.

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

- **ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ**

1. Стратегијата за обука на вработените во пенитенцијарниот систем (2023-2026);

**Рок:** 2023-2026 година

2. Реализирање на активностите на Стратегијата за обука согласно Програмата за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите на затворски персонал и Годишниот план за обука на затворски персонал за 2026 година;

**Рок:** Континуирано, во текот на годината

3. Соработка со надворешни организации (Совет на Европа, Хелсиншки комитет, ОБСЕ, Амбасада на САД, Британска амбасада, НВО и др.) во однос на планирање и реализирање на специјализирани обуки по одредени области на затворски персонал;

**Рок**: Континуирано, во текот на годината.

4. Изработка на Модул за обука на вработени лица во Секторот за ресоцијализација кои работат со деца во рамките на Програмата за почетна и континуирана обука на затворски персонал;

**Рок**: Декември 2026 година

5. Изработка на Модул за обука на пробациски службеници во рамките на Програмата за почетна и континуирана обука на затворски персонал.

**Рок:** Декември 2026 година

6. Реализирање на почетна и континуирана обука на вработените во УИС и затворскиот персонал согласно Годишниот план за обука на затворски персонал за 2026 година;

**Рок:** Континуирано во текот на годината

7. Реализирање на почетна и континуирана обука на пробацискиот персонал согласно Годишниот план и програма за обука на пробациски службеници;

**Рок:** Континуирано во текот на годината

## ➢ НОРМАТИВНО-ПРАВНИ, ОПШТИ И УПРАВНИ РАБОТИ

1. Следење и проучување на примената на законите и другите прописи кои се однесуваат на извршувањето на санкциите и други правни прашања поврзани со надлежноста на Управата; обезбедување единствена примена на законите и другите прописи на Управата; подготвување на закони и подзаконски акти, поднесување иницијатива за изменување и дополнување на законите и подзаконските акти од надлежност на Управата;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

2. Донесување на нов Закон за пробација;

**Рок:** 2026 година

3. Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за извшување на санкциите;

**Рок:** 2026 година

4. Постапување и одлучување по предлози на директорите на КПУ и молби на осудени лица за прекин на казната затвор, разместување на осудените лица (прогресирање, репрогресирање, преместување на осудени лица);

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

5. Постапување и одлучување по жалби и приговори на осудени лица поднесени на одлуки на директорите на казнено-поправните установи во случаите во кои согласно Законот за извршување на санкциите Управата е надлежна да постапува како второстепен орган;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

6. Одговор на тужби поднесени до надлежните судови;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

7. Постапување по претставки и поплаки кои се поднесуваат до Управата;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

8. Давање дозволи за посети на научни и други установи и оранизации;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

9. Одговор на извештаи на домашни институции и домашни и меѓународни организации;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

10. Собирање и обработка на статистички податоци;

**Рок:** Континуирано во текот на календарската година (согласно месечни и квартални извештаи од КПУ и ВПУ

11. Подготовка на Годишен извештај на УИС за состојбата и работењето на КПУ и ВПУ во РСМ за 2024 година;

**Рок:** Мај 2025 година

12. Годишна програма за работа на Управата за извршување на санкциите за 2026 година;

**Рок:** Декември 2025 година

13. Стратешки план на Управата за извршување на санкциите;

**Рок**: Јули 2023 година

14. Годишен извештај за имплементација на Планот за спречување на корупција во националниот затворски систем (2022-2024);

**Рок:** Октомври 2025 година

15. Информации до Владата на РСМ

**Рок:** Континуирано во текот на календарската година согласно Програмата за работа на Владата на РСМ

➢ **ПРОБАЦИЈА**

1. Навремено постапување и надзор над извршување на предмети од областа на пробацијата;

**Рок:** Континуирано во текот на годината

2. Стручен надзор над работата на пробациските канцеларии;

**Рок:** Согласно Годишен План за вршење на стручен надзор за 2026 година

3. Активности за поголема промоција и видливост на пробациската служба;

**Рок**: 2026-2027 година

4. Активности за продлабочување на соработката со сите чинители во процесот на извршување на заштитниот надзор;

**Рок:** 2026-2027 година

5. Оперативност на системот за електронски надзор;

**Рок:** 2026-2027 година

6. Отварање на преостанатите 4 пробациски канцеларии.

**Рок:** 2026 -2027 година

7. Подготовка на нова Стратегија за развој на пробациската служба со важност 2026-2030

Рок: 2026

- **ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

1. Координација со Службата за сметководство во врска со евидентирање на настани и промени;

**Рок:** Континуирано во текот на годината

2. Следење на реализација на одобрените планови по сметки, програми и расходни ставки;

**Рок:** Континуирано во текот на годината

3. Изработка на извештаи за неизмирени обврски на Управата за извршување на санкциите и следење и анализа на неизмирени обврски на казнено -поправните и воспитно поправните установи;

**Рок:** Континуирано на месечно и квартално ниво

4. Контрола на платите на вработените во Управата за извршување на санкциите и на казнено -поправните и воспитно поправните установи;

**Рок:** Континуирано на месечно ниво

5. Координација за изработка на завршни сметки на Управата за извршување на санкциите и Единицата за имплементација на проект и консолидирани завршни сметки на Управата за извршување на санкциите, казнено -поправните и воспитно поправните установи и Единицата за имплементација на проект за 2025 година;

**Рок:** 28 Февруари 2026 година и 31 март 2026 година

6. Изработка на предлог буџетска пресметка за 2027 година;

**Рок:** Септември 2026 година

7. Исплата на здравствено осигурување на осудените лица и на децата во казнено - поправните и воспитно поправните установи;

**Рок:** Континуирано во текот на годината

8. Изработка на евидентни листи за ситен инвентар во употреба;

**Рок:** Континуирано во текот на годината

9. Координација со Проект за Реконструкција на КПУ и ВПУ во РСМ во врска со финансиското работење;

**Рок:** Континуирано во текот на годината

10. Редовен попис на средства, побарувања и обврски на Управата за извршување на санкциите за 2025 година.

**Рок:** 8 Февруари 2026 година

11. Координација со Одделението за јавни набавки

**Рок:** Континуирано во текот на годината

12. Вршење на надзори над финансиското работењето на КПУ и ВПУ

**Рок:** Согласно Годишен Планот за вршење на стручен надзор за 2025 година

13. Подготовка на податоци за фискална статегија на РСМ 2026 -2030

**Рок:** Април 2026 година

14. Изработка на фискални имликации за предлог планот за вработување во 2027 година

**Рок :** Септември 2026 година

15. Изработка на фискални имликации за предлог закон, информација и сл.

**Рок: континуирано**

## ➢ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ НАБАВКИ

Водење на постапките за јавни набавки согласно Планот за јавни набавки во 2026 година на Управата за извршување на санкциите, Процедура за постапување при спроведување на јавните набавки на Управата за извршување на санкциите (05-566/2 од 20.04.2022 година), Измена и дополнување на Процедура за постапување при спроведување на јавните набавки на Управата за извршување на санкциите (05-566/4 од 27.04.2022 година)и Процедура за постапување при спроведување на набавки под вредносните прагови утврдени во член 40 од Законот за јавните набавки бр.05-566/3 од 20.04.2022 година, следење на извршувањето на годишниот план за јавни набавки и други работи предвидени со Законот за јавни набавки.

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

## ➢ УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Подготовка на годишни планови за вработување и унапредување, водење на постапки за унапредување и вработување, соработка со МИОА и МФ и други работи од областа на човечките ресурси;
**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

Координација на активностите во постапката за оценување на административните службеници во Управата.
**Рок:** Мај 2025 до Декември 2025 година

## ➢ СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ, НАУЧНИ И ДРУГИ УСТАНОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Заради подобрување на условите за извршување на санкциите и помош по отпуштањето на осудените лица како и во насока на ефикасно и ефективно извршување на пробациските работи Управата остварува соработка со Народниот Правобранител на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социјална политика, судовите, јавните обвинителства, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, општините, невладини организации и здруженија итн.
**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година

## ➢ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

1. Проект за Реконструкција на КПУ и ВПУ во РМ;

**Рок:** Континуирано, во текот на календарската година (Согласно Планот за реализација на Проектот);

2. Проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем во Северна Македонија„ поддржан од Совет на Европа кој се реализира преку Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција (2023-2026). Проектот е продолжение на тековниот проект „Зајакнување на капацитетите на казнено-поправните установи и механизмот за надворешен надзор во Северна Македонија" (2019-2022). Истиот е изграден врз резултатите постигнати во рамките на првата и втората фаза од програмата на хоризонталниот инструмент на ЕУ/СЕ (ХФI и ХФII), а истовремено ги продлабочува и ги проширува областите на интервенција, помагајќи дополнително да се подобри казнено-поправната реформа и заштитата на човековите права на лицата во притвор. Во рамките на втората фаза од ХФ, проектот започна да работи и на обезбедување здравствена заштита во затворите;

**Рок:** Континуирано во текот на годината, согласно Планот за реализација на Проектот

3. Имплементација на активности од Национална Стратегијата за развој на пенитерцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025) . Визијата на Националната стратегија е унапредување на пенитенцијарниот систем согласно највисоките европски стандарди за извршување на санкциите;

**Рок:** Согласно Акцискиот План за реализација на активности од Стратегијата (2021-2025)

4. Во рамките на четвртата компонента на ИПА Проектот "Поддршка на ЕУ за владеење на правото" е предвиден Проектот "Зајакната заштита на основните права и засилена употреба на алтернативните мерки", каде се опфатени клучните активности за понатамошен развој на пробациската служба;

**Рок:** 2026 година

5. Склучен е нов Меморандум за соработка во 2024 година помеѓу НВО ХЕРА и Министерство за правда - Управа за извршување на санкции - Сектор за пробација;
   Рок: Континуирано во текот на годината

- Склучен е Меморандум за соработка во 2025 година помеѓу Јавно претпријатие за одржување на магистралните и регионалните патишта -Скопје и Управа за извршување на санкциите
  Рок: Континуирано во тек на годината
- Склучен Меморандум за соработка во 2025 година помеѓу Државениот студенски дом Скопје и Министерство за правда -Управа за извршување на санкциите
  Рок : Континуирано во текот на годината
- Склучен Договор во 2025 година помеѓу Министерство за правда- Управата за извршување на санкциите и Министерство за дигитална трасформација
  Рок : Континуирано во текот на годината
- Склучен меморандум за соработка во 2025 година помеѓу Управата за извршување на санкциите и Американскиот универзитет за европа-Фон од Скопје
  Рок : Континуирано во текот на годината
- Склучен меморандум за соработка во 2025 година со Управата за извршување на санкциите и Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство
  Рок : Континуирано во текот на годината
- Склучен Меморандум за соработка во 2025 година помеѓу Министерство за правда - Управата за извршување на санкциите и Министерство за дигитална трансформација
  Рок : Континуирано во текот на годината
- Склучен меморандум за соработка во 2025 година со Министерство за правда-Управата за извршување на санкциите и Агенција за национална безбедност
  Рок : Континуирано во текот на годината
- Склучен Меморандум за соработка во 2025 година помеѓу Министерство за правда - Управата за извршување на санкциите и ЈЗУ Здравствен дом Скопје
  Рок : Континуирано во текот на годината

- Склучен Меморандум за соработка во 2025 година помеѓу Министерство за правда - Управата за извршување на санкциите и Транспаренси Интернешенл Македонија
  Рок : Континуирано во текот на годината

6. Имплементација на активности од Стратегијата за развој на пробациската служба на РСМ (2021-2025);

**Рок:** Согласно Акцискиот План за реализација на активностите од Стратегијата (2021-2025);

7. Регионален Проект „Јакнење на пенитенцијарниот систем против радикализација во затворите на Западен Балкан, Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција во чии рамки се започнати активности и во текот на 2024 година предвидено формирање на работни групи и работни сесии за ревизија на документи, алатки и инструмент за проценка на ризик;

**Рок:** 2023-2026 година

- Проект со ОБСЕ во делот на подршка на Единици за затворско разузнавање започнат од јуни 2025 година, формирана работна група за ревидирање на Правилник за Единици за разузнавање, изготвување на Протоколи за размена на информации внатре во КПУ и Протокол за размена на изнформации помеѓу Управата за иврршување на санкциите и Министерство за внатрешни работи

Рок : 2026 година

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Реализацијата на Програмата за работа на Управата се планира од средства од Буџетот на Управата за извршување на санкциите за 2026 година. Во однос на реализација на Проектите истите се реализираат со обезбедени финансиски средства од ИПА фондовите, странски донатори односно донации, од меѓународни институции и организации.

Број 01- 2203/1
30. 12. 2025 година
Скопје

**ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**
Александар Пандов